**20251603543**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2025 година.

Бр. 08-4236/1
29 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 148/2008, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21 и 89/22), во член 7-а по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Од наплатените средства за извршена асистенција, 25% се уплатуваат на буџетската сметка на Министерството.“.

Член 2

Во член 16 став 2 точката 4) се менува и гласи:

„4) да има стекнато најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен најмалку VII/2 степен на образование од областа на општествените науки;“.

Точката 5) се менува и гласи:

„5) да има најмалку 12 години работно искуство во полициските работи, од кои најмалку пет години на раководни или советодавни позиции;“.

Точката 6) се менува и гласи:

„6) поседува меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или поседува сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга;“.

Ставот 3 се менува и гласи:
„Функцијата на директорот престанува пред истекот на мандатот:
- на негово барање,
- ако ги исполни условите за пензија или
- ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата.“.
По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
„Директорот може да биде разрешен од функција пред истекот на мандатот доколку:
- нестручно и несовесно ја извршува функцијата,
- не постапи согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси или
- престане да исполнува некој од условите од ставот 2 на овој член.“.

Член 3

По членот 16 се додаваат два нови членови 16-а и 16-б, кои гласат:

„Член 16-а

Директорот има заменик, кој на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, за време од четири години.
За заменик на директорот може да биде именувано лице кое ги исполнува условите од членот 16 став 2 од овој закон.
Функцијата на заменик-директор престанува пред истекот на мандатот:
- на негово барање,
- ако ги исполни условите за пензија или
- ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата.
Заменик на директорот може да биде разрешен од функција пред истекот на мандатот доколку:
- нестручно и несовесно ја извршува функцијата,
- не постапи согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси или
- престане да исполнува некој од условите од ставот 2 на овој член.
Заменикот на директорот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето и врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери.
Заменикот на директорот за својата работа е одговорен пред министерот и Владата.

Член 16-б

Директорот на Бирото издава наредби од областа на полициското и криминалистичкото работење.“

Член 4

Во член 22 ставот 2 се брише.
Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 2 и 3.

Член 5

Во член 23 ставот 2 се менува и гласи:
„Полициски станици од општа надлежност се:
1) Полициска станица – Аеродром;
2) Полициска станица – Бутел;

3) Полициска станица – Гази Баба;
4) Полициска станица – Драчево;
5) Полициска станица – Ѓорче Петров;
6) Полициска станица – Илинден;
7) Полициска станица – Карпош;
8) Полициска станица – Кисела Вода;
9) Полициска станица – Сарај;
10) Полициска станица – Центар;
11) Полициска станица – Чаир;
12) Полициска станица – Берово;
13) Полициска станица – Битола;
14) Полициска станица – Валандово;
15) Полициска станица – Велес;
16) Полициска станица – Виница;
17) Полициска станица – Гевгелија;
18) Полициска станица – Гостивар;
19) Полициска станица – Дебар;
20) Полициска станица – Делчево;
21) Полициска станица – Демир Хисар;
22) Полициска станица – Кавадарци;
23) Полициска станица – Кичево;
24) Полициска станица – Кочани;
25) Полициска станица – Кратово;
26) Полициска станица – Крива Паланка;
27) Полициска станица – Крушево;
28) Полициска станица – Куманово;
29) Полициска станица – Македонски Брод;
30) Полициска станица – Неготино;
31) Полициска станица – Охрид;
32) Полициска станица – Прилеп;
33) Полициска станица – Пробиштип;
34) Полициска станица – Радовиш;
35) Полициска станица – Ресен;
36) Полициска станица – Свети Николе;
37) Полициска станица – Струга;
38) Полициска станица – Струмица;
39) Полициска станица – Тетово и
40) Полициска станица – Штип.“.

Член 6

Членовите 26 и 27 се бришат.

Член 7

Во член 65 ставот 1 се менува и гласи:

„Под снимање на јавни места во смисла на овој закон, се подразбира видео и аудиоснимање над јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци, односно употреба на видео надзор и системи кои користат напредна технологија, со цел документирање на кривичните дела и прекршоците, начинот на сторување, откривање на сторителите и останатите инволвирани лица, следење на безбедносната состојба, со процес на обработка на личните податоци, односно

биометриските податоци согласно со надлежностите на Полицијата утврдени со закон. Видео надзорот и системите кои користат напредна технологија, Полицијата може да ги употребува при откривање и документирање на кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три или повеќе години.“.

Во ставот 4 по зборовите: „шест месеци“ се додаваат зборовите: „од денот на неговото создавање“.

Член 8

Во член 66 во ставот 1 по зборовите: „лични податоци“ се додаваат зборовите: „односно биометриски податоци“, по зборот „личните“ се става запирка и се додава зборот „биометриските“, а по зборот „собирање“ се додаваат зборовите: „и обработка“.

Во ставот 2 по зборовите: „лични податоци“ се додаваат зборовите: „односно биометриски податоци“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Во случаите од ставот 2 на овој член, Полицијата за потребите на кривичната постапка при обработката може да ги користи биометриските податоци содржани во евиденциите што ги води согласно со овој и посебните закони, за кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три или повеќе години.“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 9

Во член 68 во ставот 1 зборот „собира“ се заменува со зборот „обработува“.

Во ставот 2 зборот „собирање“ се заменува со зборот „обработка“.

Во ставот 3 зборот „собирање“ се заменува со зборот „обработка“, зборот „веќе“ се брише, а зборот „збирки“ се заменува со зборот „евиденции“.

Во ставот 4 зборот „собраните“ се заменува со зборот „обработените“.

Член 10

Во член 72 зборовите: „Лични податоци“ се заменуваат со зборовите: „Личните, односно биометриските податоци“.

Член 11

Во член 73 по ставот 1 се додаваат два нови ставови 2 и 3, кои гласат:

„За поднесеното барање од ставот 1 алинеите 2 и 3 на овој член, одлучува министерот со решение.

Против решението од ставот 2 на овој член, барателот може да поведе управен спор.“.

Член 12

Во член 75 став 1 во алинејата 1 зборот „трајно,“ се заменува со зборовите: „60 години од денот на последна промена во евиденцијата,“.

Во став 2 во алинејата 3 зборот „трајно,“ се заменува со зборовите: „60 години од денот на последна промена во евиденцијата,“.

Во ставот 4 зборовите: „нивното внесување во евиденциите“ се заменуваат со зборовите: „последна промена во евиденцијата.“.

Член 13

Во членот 77 зборот „Дирекцијата“ се заменува со зборот „Агенцијата“.

Член 14

Во член 89 став 2 во точката 3) зборовите: „десет години или потешка казна“ се заменуваат со зборовите: „најмалку 10 години“.

Член 15

Во член 95 став 1 во точката 2) бројот „25“ се заменува со бројот „30“, а по зборот „Министерството“ се става точка и запирка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во точката 6) сврзникот „и“ на крајот на реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 6) се додаваат две нови точки 7) и 8), кои гласат:

„7) да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија;

8) да има положено тест за интегритет и“.

Точката 7) станува точка 9).

Член 16

Во член 97 во ставот 1 по зборот „оглас“ се додаваат зборовите: „и без јавен оглас“, а зборот „овој“ се брише.

Во ставот 2 зборовите: „По исклучок“ се бришат.

Член 17

Во член 105 ставот 1 се менува и гласи:

„Полицискиот службеник не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија.“.

Ставот 2 се брише.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 2 и 3.

Член 18

Членот 119 се брише.

Член 19

Во член 128 став (1) во алинејата 12 зборот „експертски“ се заменува со зборот „стручен“.

Во алинејата 13 сврзникот „и“ на крајот на реченицата за заменува со запирка.

Во алинејата 14 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 14 се додава нова алинеја 15, која гласи:

„- начинот на воспоставување на зајакната оперативна контрола на лица и објекти“.“

Член 20

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон, ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува по девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите од членовите 1, 15, 17 и 19 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на овој закон.